# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ИНФЕКЦИЈА

# Р. С. МАКЕДОНИЈА 2024 ГОДИНА


**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**



**Скопје, март 2025 година**

# Содржина

**Глобална солидарност, флексибилни услуги за борба против СИДА-та 2024 година – „Одбери го правиот пат: Мое здравје, мое право!“** ........ 3

**СОСТОЈБА СО ХИВ/СИДА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** ........ 5

**1. Состојба со ХИВ/СИДА во Р. С. Македонија во 2024 година** ........ 5

**2. Кумулативни податоци со ХИВ/СИДА во Р. С. Македонија** ........ 7

**РЕЗУЛТАТИ ОД МОДЕЛОТ НА МЕТОД НА ИНЦИДЕНЦА** ........ 11

**АКТИВНОСТИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА КАЈ ОПШТА ПОПУЛАЦИЈА** ........ 12

**Центри за јавно здравје** ........ 12

**Институт за јавно здравје** ........ 13

ХИВ тестови изработени во 2024 година во Здравствени установи во Република Северна Македонија ........ 13

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ХИВ ПРОГРАМА ВО 2024 ГОДИНА** ........ 15

**1. Програма за превенција на хив помеѓу лица кои инјектираат дроги (ЛИД)** ........ 16

**2. Програма за превенција на хив помеѓу сексуални работници (СР)** ........ 18

3. **Програма за превенција хив помеѓу мажи кои имаат секс со мажи (МСМ)** ........ 19

**4. Програма за доброволно советување и тестирање за ХИВ помеѓу клучни популации (ЛИД, СР и МСМ)** ........ 21

**5. Програма за сексуално и репродуктивно здравје-СПИ тестирање и дијагноза помеѓу клучни популации (ЛИД, СР, МСМ и МЛАДИ)** ........ 23

**6. Програма за психосоцијална поддршка на лица кои инјектираат дроги (ЛИД)** 24

**7. Програма за психосоцијална поддршка на лица кои живеат со ХИВ (ЛЖХИВ)** 26

**Заклучоци** ........ 27

**Глобална солидарност, флексибилни услуги за борба против СИДА-та 2024 година – „Одбери го правиот пат: Мое здравје, мое право!“**

Глобалниот одговор на ХИВ е во опасност, иако ХИВ останува главен јавно-здравствен проблем што погодува милиони луѓе ширум светот. Светскиот ден за борба против СИДА потсетува на важноста од заеднички напори во справување со ХИВ/СИДА – здравствен, социјален и општествен предизвик.[1]

<u>ХИВ инциденца</u>
1,3 милиони [1,0-1,7 милиони] луѓе се инфицирале со ХИВ во 2023 година. Од 2010 година, бројот е намален за 39%, односно 2,1 милиони [1,7-2,7 милиони]. Вкупно 120.000 [83.000-170.000] деца се инфицирале со ХИВ во 2023 година. Бројот на луѓе кои се инфицирале со ХИВ се намалил на 0,17 [0,13-0,21] на 1000 неинфицирано население во 2023 година од 0,32 [0,25-0,40] во 2010 година. Од почетокот на епидемијата, 88,4 милиони [71,3 милиони-112,8 милиони] луѓе се инфицирале со ХИВ.

<u>Смртност поврзана со ХИВ</u>
Во 2023 година, 630.000 [500.000–820.000] луѓе починале од причини поврзани со ХИВ на глобално ниво. Од 2010 година, смртните случаи поврзани со ХИВ се намалени за 51%. Глобалната епидемијата на ХИВ е намалена за 69% починати од ХИВ во 2023 година, во однос на 2004 година, кога е забележан врв на епидемијата. Во 2023 година, бројот на починати деца со ХИВ е 76.000.
ХИВ продолжува да биде главно глобалнен јавно здрабствен проблем, вкупно луѓе што живеат со ХИВ изнесува 42,3 милиони.

<u>Каскади за тестирање, третман и супресија на вирусното оптоварување кај сите луѓе кои живеат со ХИВ (95–90–86).</u>
Приближно 39,9 милиони [36,1-44,6 милиони] луѓето живеат со ХИВ до 2023 година. Бројот на деца кој живеат со ХИВ, на возраст од 0-14 години, изнесува просечно – 1,4 милиони [1,1–1,7 милиони].
До 2025 година, 95% од луѓето кои живеат со ХИВ треба да го знаат нивниот ХИВ статус.

- Во 2023 година, 86% од луѓето кои живеат со ХИВ го знаеле нивниот статус. За да се постигне целта, дополнителни 3,4 милиони луѓе кои живеат со ХИВ треба да бидат свесни за нивниот ХИВ статус.

Луѓето кои живеат со ХИВ примаат антиретровирусна терапија (90).

- Во 2023 година, 77% од луѓето кои живеат со ХИВ примале антиретровирусна терапија. За да се постигне втората цел, дополнителни 5,4 милиони луѓе кои живеат со ХИВ треба да го знаат својот статус и да имаат пристап до антиретровирусна терапија.

[1] https://www.who.int/campaigns/world-aids-day/2023

Луѓе кои живеат со ХИВ со супресија на вирусното оптоварување (86).

- Во 2023 година, 72% од луѓето кои живеат со ХИВ потиснале супресија на вирусното оптоварување. За да се постигне третата цел, дополнителни 5,6 милиони луѓе кои живеат со ХИВ треба да го знаат својот статус, да имаат пристап до антиретровирусна терапија и да имаат супресија на вирусното оптоварување.

Преглед на ХИВ и СИДА во Европа

Епидемијата на ХИВ во Европа останува сериозен јавно-здравствен предизвик, со значителни регионални разлики. Во 2023, пријавени се 112.883 нови случаи на ХИВ, од кои 69% во Источна Европа, 24% во Западна Европа, и 7% во Централна Европа. Највисока инциденца е забележана во Русија (37,9 на 100.000 жители) и Украина (31,7 на 100.000 жители).

Клучни трендови и предизвици:

- Касно дијагностицирање: Над 50% од случаите се откриваат во доцен стадиум, што го одложува третманот.
- Начини на пренос: Сексуалниот пренос меѓу мажи е двојно зголемен во Западна Европа, додека инфекциите поврзани со инјектирање дроги остануваат значајни во Источна Европа.
- Третман и супресија: 87% од дијагностицираните лица примаат антиретровирусна терапија, а 90% од нив постигнуваат супресија на вирусното оптоварување, што го намалува ризикот од пренос.
- Стигма и бариери: 1 од 10 лица со ХИВ во ЕУ не знае дека е заразено, а 1 од 6 избегнува услуги поради страв од дискриминација.

Потребни се засилени напори за подобрување на тестирањето, намалување на стигмата, и проширување на пристапот до третман за контрола на епидемијата и постигнување на глобалните цели за ХИВ.

Прогрес кон постигнување на целите од каскадата (95–90–86) меѓу ЛЖХИВ, по СЗО регион (*Извор: СЗО)



# СОСТОЈБА СО ХИВ/СИДА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 1. Состојба со ХИВ/СИДА во Р. С. Македонија во 2024 година

Во 2024 година, пристигнати се пријави за 54 новорегистрирани лица на ХИВ/СИДА во Република Северна Македонија, што претставува инциденца од 2,9 на 100.000 жители.

Бројот на случаи во 2024 година е поголем за 8,0% споредено со 2023 година кога беа регистрирани 50 случаи. Во споредба со просекот (n=44) од претходниот десетгодишен период (2014-2023), се регистрира зголемување од 22,7%.

Во 2024 година, од регистрираните случаи, 51 се од машки пол, 3 од женски пол.

Возраста на случаите не отстапува значително од возрасната дистрибуција од предходно пријавените случаи. Просечната возраст на новите случаи е 36,5 години (SD 9,3 години), а е во опсег од 22 до 59 година, 59,3% од случаите се на возраст од 20 до 39 години.

**Графикон 1.** Дистрибуција според возраст на новорегистрирани случаи на ХИВ/СИДА, Република Северна Македонија, 2024 година




Од анализата на пристигнатите пријави се забележува дека во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ инфекција, регистрирани 16 лица со хетеросексуална трансмисија и 38 лица од МСМ популацијата.

Бројот и пропорцијата на регистрирани случаи кај МСМ го следи трендот од претходниот период, она што загрижува е порастот на преваленцата на ХИВ кај оваа популација. Според резултатите од последното истражување од 2018 година[2], кај мажите кои имаат секс со мажи во Скопје, проценетата преваленца е 5,4% (95%CI 1.8-9,0%), што значи дека во Р.С.М за прв пат се регистрира концентрирана епидемија кај одредена популациона група.

[2] ИЗВЕШТАЈ од биобихевиоралното истражување и процена на бројноста на популацијата на мажи кои имаат секс со мажи во Скопје, Македонија: Микиќ В. Кузмановска Г. Кочински Д. et all, Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2018. ISBN 978-608-235-053-0; COBISS.MK-ID 109184266

Од случаите во 2024 година, најголем дел (n=22) се со место на живеење во Скопје со инциденца од 3,6/100.000 жители, во Битола се регистрирани 5 случаи со инциденца од 5,4/100.000 жители. Останатите случаи се регистрираат како спорадични случаи во 12 градови од Р.С. Македонија. Три случаи во 2024 се странски државјани. Дистрибуцијата на случаите дијагностицирани во 2024 е претставена во Табела 1.

Вкупната инциденца на ХИВ во 2024 година изнесува 2,9/100.000 случаи што е значително помалку од инциденцата во земјите на ЕУ/ЕЕА каде стапката на нови дијагнози во 2023 била 12,7/100.000 жители[3].

**Табела 1.** Дистрибуција според место на живеење на новорегистрирани и починати случаи на ХИВ/СИДА, Република Северна Македонија, 2024 година

| Место на живеење | ХИВ | СИДА | Вкупен број во 2024 | Инциденца/ 100.000 | Починати од СИДА |
|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 4 | 1 | 5 | 5,4 | |
| **Велес** | 1 | 1 | 2 | 3,4 | |
| **Виница** | 0 | 2 | 2 | 13,8 | |
| **Гостивар** | 2 | 0 | 2 | 2,4 | |
| **Демир Хисар** | 1 | 0 | 1 | 13,8 | 1* |
| **Кочани** | 1 | 0 | 1 | 2,6 | |
| **Куманово** | 2 | 0 | 2 | 1,6 | |
| **Охрид** | 2 | 2 | 4 | 7,3 | |
| **Прилеп** | 0 | 2 | 2 | 2,3 | |
| **Пробиштип** | 2 | 0 | 2 | 14,9 | |
| **Скопје** | 15 | 7 | 22 | 3,6 | 2+1* |
| **Струмица** | 0 | 1 | 1 | 1,3 | |
| **Тетово** | 1 | 2 | 3 | 1,8 | |
| **Штип** | 2 | 0 | 2 | 4,1 | |
| **странец** | 2 | 1 | 3 | / | |
| **Кавадарци** | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 1* |
| **Струга** | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 1* |
| **Р.С.Македонија** | **35** | **19** | **54** | **2,9** | **2+4*** |

*Пријавени како новорегистрриани случаи во периодот 2014-2023 година

Во 2024 година, регистрирани се 6 смртни случаи поврзани со СИДА, од кои четири се кај лица пријавени во периодот 2014-2023 година.

[3] HIV/AIDS surveillance in Europe 2024 – 2023 data. Достапен на: https://www.ecdc.europa.eu/en/publications-data/hivaids-surveillance-europe-2024-2023-data

## 2. Кумулативни податоци со ХИВ/СИДА во Р. С. Македонија

Република Северна Македонија е земја со ниска преваленца на ХИВ, од 1987 до крај на 2024 се регистрирани 688 случаи на ХИВ/СИДА, но во последните години се бележи нагорен тренд, така што 32% од сите случаи се регистрирани во последните пет години (Графикон 2).

**Графикон 2.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА, Република Северна Македонија, 1987-2024 година




Кумулативно, од регистрираните случаи, 618 (89,8%) се од машки пол и 69 (10,0%) од женски пол. Високото пропорционално учество на машки лица во бројот на новорегистрирани случаи е тренд во изминатите 15 години (Графикон 3).

**Графикон 3.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по пол, Република Северна Македонија, 1987-2024 година



Медијаната возраст на регистрирани случаи кога била поставена дијагнозата е 33 години (просек 34г; опсег од 0-85 години). Дистрибуцијата по возраст укажува дека најзафатени се сексуално активни лица на возраст од 20-39 години кои чинат речиси три четвртини од дијагностицираните случаи (73,0%, n=502). На млади на возраст до 19 години отпаѓаат помалку од 2% (Графикон 4).

**Графикон 4.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по возраст, Република Северна Македонија, 1987-2024 година




Во периодот од 1987 до 2024 година, вкупно 130 од дијагностицираните лица во Р. С. Македонија починале поради причини поврзани со СИДА, што претставува стапка на смртност од 18,9%.

Со воведувањето на антиретровирусната терапија, преживувањето на лицата кои живеат со ХИВ е значително подобрено, во последните 10 години од 447 регистрирани случаи регистрирани се 33 смртни случаи што претставува стапка на смртност од 7,4%.

**Графикон 5.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по година на дијагноза и смрт од причини поврзани со ХИВ/СИДА, Република Северна Македонија, 1987-2024



Кумулативно, најголем број од случаите се со место на живеење во Скопје (n=313) (Табела 2).

**Табела 2.** Географска дистрибуција, вкупен број и починати од СИДА, Република Северна Македонија, 1987-2024

| Град | Вкупно 1987-2024 | ХИВ | СИДА | Починати |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 313 | 218 | 95 | 48 |
| **Тетово** | 39 | 13 | 26 | 17 |
| **Прилеп** | 32 | 21 | 11 | 7 |
| **Штип** | 32 | 22 | 10 | 7 |
| **Куманово** | 31 | 21 | 10 | 5 |
| **Битола** | 27 | 18 | 9 | 2 |
| **Охрид** | 24 | 14 | 10 | 7 |
| **Велес** | 22 | 14 | 8 | 4 |
| **Струмица** | 19 | 15 | 4 | 2 |
| **Гостивар** | 17 | 12 | 5 | 1 |
| **странец** | 17 | 8 | 9 | 4 |
| **Кавадарци** | 15 | 9 | 6 | 3 |
| **Кочани** | 15 | 10 | 5 | 3 |
| **Кичево** | 8 | 1 | 7 | 5 |
| **Пробиштип** | 8 | 3 | 5 | 1 |
| **Струга** | 8 | 5 | 3 | 2 |
| **Дебар** | 7 | 4 | 3 | 2 |
| **Делчево** | 7 | 4 | 3 | 1 |
| **Виница** | 5 | 1 | 4 | 2 |
| **Крива Паланка** | 5 | 3 | 2 | 2 |
| **Свети Николе** | 5 | 3 | 2 | 1 |
| **Богданци** | 4 | 3 | 1 | 0 |
| **Берово** | 3 | 2 | 1 | 0 |
| **Гевгелија** | 3 | 2 | 1 | 0 |
| **Демир Хисар** | 3 | 2 | 1 | 1 |
| **Радовиш** | 3 | 1 | 2 | 0 |
| **Демир Капија** | 2 | 1 | 1 | 0 |
| **Дојран** | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **Кратово** | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **Македонски Брод** | 2 | 2 | 0 | 0 |
| **Неготино** | 2 | 2 | 0 | 0 |
| **Ресен** | 2 | 2 | 0 | 1 |
| **Валандово** | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **Македонска Каменица** | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Пехчево** | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **нп** | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **688** | **441** | **247** | **130** |

Кумулативно според начинот на трансмисија, најголем број од случаите (61,5%) се кај мажи кои имале секс со маж, хетеросексуалниот начин на пренос е регистриран кај 225 случаи, лица кои инјектираат droги учествуваат со 1,7%, а 6 случаи (0,9%) се регистрирани кај лица со вертикален пренос од мајка на дете.

**Табела 3.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по според начин на трансмисија, Република Северна Македонија, 1987-2023

| ***НАЧИН НА ТРАНСМИСИЈА НА ЛИЦАТА СО ХИВ/СИДА*** | ***ВКУПНО*** | ***ПРОЦЕНТ*** |
|---|---|---|
| МСМ | 423 | 61,5 |
| Хетеросексулен пат на пренос | 225 | 32,7 |
| Лица кои инјектираат дрога | 12 | 1,7 |
| Вертикален пренос (мајка на дете) | 6 | 0,9 |
| Хемофиличари | 5 | 0,7 |
| Непознат начин на пренос | 17 | 2,5 |
| **ВКУПНО** | **688** | 100,0 |

Слично како и во останати земји од европскиот регион, во Р.С.Македонија, мажи кои имаат секс со мажи се изложени на поголем ризик од ХИВ инфекција, во последните 10 години 72,3% од регистрираните случаи се кај мажи кои имале секс со мажи.

**Графикон 6.** Дистрибуција на случаите на ХИВ според начин на трансмисија, Република Северна Македонија, 1987-2024



## РЕЗУЛТАТИ ОД МОДЕЛОТ НА МЕТОД НА ИНЦИДЕНЦА

Алатката за моделирање на ХИВ на ECDC користејќи го методот на инциденца го процени годишниот број на нови инфекции (инциденца на ХИВ), времето до дијагноза и процентот на недијагностицирани ЛЖХИВ.

Резултатите покажуваат дека бројот на нови инфекции се намалува во последните години (Графикон 7). Се проценува дека имало 32,6 (95% CI 8,7-62,8) нови инфекции во 2024 година. Интервалите на доверба се широки бидејќи постои висок степен на несигурност во овие проценки.

**Графикон 7.** Проценет број на нови ХИВ инфекции, ЛЖХИВ, Република Северна Македонија, 1987-2024




Моделот го проценува просечното време до дијагноза на 5,2 (95% CI 4,8-5,9) години за сите ЛЖХИВ.

Алатката проценува дека 28,3% (95% CI 23,0-36,2) од сите ЛЖХИВ се недијагностицирани. Користејќи ги овие пропорции, проценетиот број на ЛЖХИВ беше пресметан со примена на формулата:

Вкупно сите ЛЖХИВ = 688/(1–28,3%/100)) = 693;

Користејќи ги дефинициите и изворите на податоци, континуумот на тестирање и грижа за ХИВ за сите ЛЖХИВ е:

Фаза 1: Број на ЛЖХИВ: 693 (95% CI 640-773) кога се користи проценетата пропорција на недијагностицирани од алатката за моделирање на ХИВ на ECDC со исклучување на смртни случаи и миграции.

Фаза 2: Дијагностицирани - 493 со исклучување на смртни случаи, миграции, долгорочно изгубени за следење од вкупниот број дијагностицирани. При користење на проценетиот број на ЛЖХИВ како именител, 71,7% (95% CI 63,8%-77,0%) од нив се дијагностицирани до крајот на 2024 година.

Фаза 3: На АРТ - 434 со исклучување на смртни случаи, миграции, долгорочно изгубени за следење. Од дијагностицираните, 88,0% биле на АРТ во 2024 година.

Фаза 4: Вирусна супресија - 413 е проценетиот број на лица на АРТ чие последно мерење на ХИВ вирусното оптоварување во 2024 година било <200 копии/ml. Од 434 на АРТ, 95,1% постигнале вирусна супресија во 2024 година.

**Графикон 8.** ХИВ континуум, ЛЖХИВ, Република Северна Македонија, 1987-2024




## АКТИВНОСТИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА КАЈ ОПШТА ПОПУЛАЦИЈА

### Центри за јавно здравје

Центрите за јавно здравје во 2024 година беа вклучени во националната програма за заштита на населението од ХИВ инфекција и спроведуваа доброволно доверливо советување тестирање. Во тек на 2024, опфатени се 448 лица со доброволно и доверливо тестирање за ХИВ.

**Табела 4.** Дистрибуција на ДДСТ активности по ЦЈЗ, Р. С. Македонија, 2024

| ЦЈЗ | Доброволно и доверливо тестирање и советување за ХИВ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | Вкупно |
| ЦЈЗ Битола | 4 | 6 | 3 | 1 | **14** |
| ЦЈЗ Велес | 61 | 26 | 53 | 64 | **204** |
| ЦЈЗ Кочани | 2 | 4 | 4 | 5 | **15** |
| ЦЈЗ Куманово | 15 | 6 | 21 | 68 | **110** |
| ЦЈЗ Охрид | 5 | 6 | 5 | 8 | **24** |
| ЦЈЗ Прилеп | 4 | 20 | 11 | 22 | **57** |
| ЦЈЗ Скопје | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| ЦЈЗ Струмица | 2 | 0 | 0 | 0 | **2** |
| ЦЈЗ Тетово | 0 | 0 | 1 | 1 | **2** |
| ЦЈЗ Штип | 4 | 5 | 5 | 6 | **20** |
| **ВКУПНО** | **97** | **73** | **103** | **175** | **448** |

**Институт за јавно здравје**

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во 2024 година и препораките на СЗО за спроведување на активности за превенција на ширење на ХИВ/СИДА, континуирано ја следеше состојбата со движењето на ХИВ/СИДА во Р.С.Македонија и во светски рамки.

Активноста на ИЈЗ се огледаше во организирање, координирање и директно учество во спроведување на активностите предвидени со Програмата и пружање на стручно-методолошка помош на епидемиолошката служба на територијата на Р. С. Македонија.

Мерките и активностите предвидени со Програмата во 2024 година интензивно и континуирано се спроведуваа во текот на целата година и тоа особено во поглед на:

1. Изготвување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА за 2023 година;
2. Изработка на едукативен материјал поставен на веб страната по повод светскиот ден на СИДА, 1 декември.
3. Внес на податоци за ХИВ/СИДА во системот TESSy, до ECDC и СЗО.
4. Анализирани и евалуирани се пристигнатите материјали од СЗО и ECDC, за движењето на ХИВ/СИДА во светот, како и мерките и активностите кои се превземаат на светско ниво за нејзино понатамошно следење.

**ХИВ тестови изработени во 2024 година во Здравствени установи во Република Северна Македонија**

Како дел од активностите за мониторинг на бројот на извршени тестови за ХИВ, Институтот за јавно здравје редовно ги обработува извештаите за вкупниот број на извршени тестови за ХИВ по медицински и други индикации во јавно здравствени и приватни установи (Табела 5). Во 2024 година извршени се вкупно 52.314 тестови за ХИВ, што претставува зголемување споредено со 2023 година (n=47.308).

**Табела 5.** ХИВ тестови изработени во 2024 година во Здравствени установи во Република Северна Македонија*.

| *Здравствени Установи во Република Северна Македонија* | *Вкупно* |
|---|---|
| *ЦЈЗ Битола* | ***1.568*** |
| *ЦЈЗ Куманово* | ***110*** |
| *ЦЈЗ Скопје* | ***0*** |
| *ЦЈЗ Тетово* | ***1802*** |
| *ПЗ Гостивар* | ***705*** |
| *ЦЈЗ Штип* | ***20*** |
| *ЦЈЗ Охрид* | ***24*** |
| *ЦЈЗ Кочани* | ***952*** |
| *ЦЈЗ Прилеп* | ***1.666*** |
| *ЦЈЗ Струмица* | ***279*** |
| *ЦЈЗ Велес* | ***258*** |
| *Општа болница Охрид* | ***1.924*** |
| *Општа болница Дебар* | ***22*** |
| *Општа болница Струга* | ***2*** |
| *Институт за Јавно здравје – Одделение за вирусологија* | ***2.405*** |
| *Клиника за Инфективни заболувања и фебрилни состојби* | ***4.249*** |
| *Градска Општа Болница "8 Септември" – Скопје* | ***9.218*** |
| *КБ Аџибадем Систина – Скопје* | ***9.347*** |
| *ПЗУ Жан Митрев* | ***19*** |
| *ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија* | ***9.293*** |
| *Дијагностика Фармахем – Скопје* | ***16*** |
| *ПЗУ Синлаб* | ***1.522*** |
| *РЕМЕДИКА – Скопје* | ***3.024*** |
| *БИОТЕК-Скопје* | ***1.696*** |
| *Санте Плус Гроуп* | ***740*** |
| *"Болница Плодност" – Битола* | ***1.453*** |
| **Вкупно** | **52.314** |

*Податоците се добиени преку писмен допис или е – mail информација/ порака, од сите горенаведени институции, кои спроведуваат ХИВ тестирање во нивните лаборатории.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ХИВ ПРОГРАМА ВО 2024 ГОДИНА

(активности имплементирани од граѓанските здруженија)

Извештајот содржи детални бројки од програмското остварување за сите програми поединечно, но исто така е прикажан и учинокот на секоја организација посебно. Со цел појасно презентирање на постигнувањата на секоја програма одделно, се дава кратко објаснување во кои градови од земјата таа програма се имплементира и колку организации се ангажирани во спроведување на зададените програмски активности. Потоа се обезбедува информација на кој начин се бројат опфатените клиенти односно основниот пакет за дадената програма за да на крај се прикаже и деталната табела.

Во 2024 година, со основен пакет на услуги за превенција на ХИВ се опфатени 9.529 лица од клучните популации засегнати од ХИВ, од кои 1.093 се ново опфатени клиенти.

**Графикон 9.** Опфат на клучни популации, Република Северна Македонија, 2024




**Графикон 10.** Опфат на нови клиенти, Република Северна Македонија, 2024



Помеѓу сите клучни засегнати популации, дистрибуирани се вкупно 413.513 игли, 274.539 шприцеви, 176.371 кондоми, 97.567 лубриканти и 43.874 информативни и едукативни материјали.

Потоа, во рамките на проширениот пакет на услуги преку Програмата дадени се и следните услуги: медицински услуги и информации =22.536, социјални услуги =14.242, психолошки(соц.) услуги =1.305, правни услуги =24, услуги дадени во дневните центри =21.212, тестирања = 4.328 и разни услуги дадени на терен = 13.491.

## 1. Програма за превенција на хив помеѓу лица кои инјектираат droги (ЛИД)

Во оваа програма основниот пакет на услуги според кој се бројат опфатените клиенти го сочинуваат: Сет од Игла и Шприц, Кондом, Лубрикант и ИЕК материјал. Во имплементацијата на програмата ангажирани се 9 организации.

Исто така, се даваат и медицински услуги, социјални услуги, правни, психолошки и разни други услуги во дневните центри како и на терен. Овие услуги спаѓаат во групата наречени Проширен пакет на услуги.

Во текот на овој период на известување остварени се следните програмски резултати:

- Опфатени вкупно 3.319 ЛИД што претставува 114% остварување на таргет кој што е поставен на 2.900 ЛИД.
- Опфатени се 245 Нови ЛИД (вклучени во вкупната бројка) што е 89% од поставениот таргет од 276 ЛИД.
- Поделени се вкупно: 411.853 Игли и 273.953 Шприцови што претставува 118% реализација на таргет поставен на 580.000 сетови.
- Поделени се вкупно: 39.592 Кондоми, поточно 114% реализација од поставениот таргет на 34.800 Кондоми.
- Поделени се вкупно: 32.019 Лубриканти што е 138% реализација на поставениот таргет од 23.200 Лубриканти.
- Поделени се вкупно: 21.629 ИЕК материјали што е 186% од таргетот поставен на 11.600 ИЕК материјали.
- Клиентите од оваа програма оваа година просечно добиле по 124 Игли, 83 Шприцеви, 12 Кондоми, 10 Лубриканти и 7 ИЕК Материјали.
- Дополнително како дел од проширениот пакет на услуги членовите на оваа целна популација во периодот ги добиле следните услуги: Вкупно Медицински услуги и информации: 22.536, Социјални услуги: 8.087, Правни услуги: 24, Психолошки услуги: 34, Услуги во дневен Центар: 16.840 и разни други услуги дадени на терен: 1.900 и вкупно 171 ХИВ тестирања.

**Графикон 11**. ЛИД-Опфат на нови клиенти,  Република Северна Македонија, 2024




| | НВО ИЗБОР - Гевгелија | НВО ИЗБОР - Струмица | Опција - Охрид | ХЕЛП - Гостивар | ХОПС - Скопје | ПУЛС - Куманово | Младински Клуб - Штип | ЗОНА - Кавадарци | ВИА-ВИТА - Битола | ЦК - Прилеп | ЦК - Велес | ЦК - Кичево |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Таргет | 16 | 28 | 24 | 24 | 80 | 28 | 10 | 8 | 30 | 10 | 10 | 8 |
| Остварување | 10 | 33 | 35 | 2 | 85 | 36 | 5 | 4 | 27 | 1 | 3 | 4 |

**Графикон 12**. Вкупен број на опфатени ЛИД, Република Северна Македонија, 2024




| | НВО ИЗБОР - Гевгелија | НВО ИЗБОР - Струмица | Опција - Охрид | ХЕЛП - Гостивар | ХОПС - Скопје | ПУЛС - Куманово | Младински Клуб - Штип | ЗОНА - Кавадарци | ВИА-ВИТА - Битола | ЦК - Прилеп | ЦК - Велес | ЦК - Кичево |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Таргет | 155 | 417 | 400 | 265 | 399 | 231 | 179 | 142 | 262 | 177 | 203 | 70 |
| Остварување | 171 | 526 | 461 | 337 | 402 | 329 | 171 | 190 | 246 | 168 | 242 | 76 |

**Коментар**: Остварени се солидни резултати во делот на опфат на членовите на оваа целна популација било тоа да се нови или веќе постоечки. Се забележува намалување кај бројот на поделени кондоми, лубриканти и ИЕК материјали во споредба со минатата година иако таргетот е надминат.

**Препораки**: Мора да се вложат напори РСМ да биде соодветно географски покриена со ХИВ превентивни програми, се препорачува постапките за избор на здруженија да започнат порано за да завршат во најбрз можен рок, а потоа и да се најдат модуси за и градот Тетово биде програмски покриен.

## 2. Програма за превенција на хив помеѓу сексуални работници (СР)

Во програмата наменета за Сексуалните Работници, основниот пакет на услуги според кој се бројат опфатените клиенти го сочинуваат: Кондом, Лубрикант и ИЕК материјал. Исто така како дел од проширениот пакет на услуги се даваат и социјални услуги, правни, психолошки и разни други услуги до дневните центри како и на терен.

Оваа година во имплементација на програмата ангажирани се 6 организации. Една од ангажираните организации во оваа програма ГО Стар-Стар од Скопје ја опфаќа и затворената сцена на сексуалните работници во Скопје.

Во текот на овој период на известување остварени се следните програмски резултати:

- Опфатени се вкупно 1.394 индивидуални СР, реализација на индикатор од 155% од поставениот таргет 900 СР.
- Опфатени се вкупно 103 Нови СР, што претставува 123% остварување на индикаторот поставен на 84 Нови СР.
- Поделени се вкупно: 97.258 Кондоми, остварување од 108% од таргетот поставен на 90.000 Кондоми.
- Поделени се вкупно: 48.805 Лубриканти, реализација од 128% од поставениот таргет на 27.000 Лубриканти.
- Поделени се вкупно: 13.835 ИЕК материјали, 128% остварување на индикатор од поставениот таргет на 10.800 ИЕК.

Клиентите од оваа програма оваа година просечно добиле по 70 Кондоми, 35 Лубриканти и 10 ИЕК Материјали.

Дополнително во рамки на проширениот пакет на услуги наменети за оваа целна популација дадени се вкупно: Социјални услуги: 6.155, разни услуги во дневен центар: 3.588, разни услуги на терен: 4.189 и вкупно ХИВ тестирања 246.

**Графикон 13**. СР-Опфат на нови клиенти, Република Северна Македонија, 2024




| | НВО ИЗБОР - Гевгелија | НВО ИЗБОР - Струмица | Опција - Охрид | ХЕЛП Гостивар | ХОПС - Скопје | Стар-Стар | ВИА-ВИТА - Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Таргет | 10 | 15 | 12 | 10 | 15 | 10 | 12 |
| Остварување | 5 | 24 | 27 | 3 | 23 | 13 | 8 |

**Графикон 14**. Вкупен број на опфатени СР, Република Северна Македонија, 2024



| | НВО ИЗБОР - Гевгелија | НВО ИЗБОР - Струмица | Опција - Охрид | ХЕЛП Гостивар | ХОПС - Скопје | Стар-Стар-Скопје | ВИА-ВИТА - Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Таргет | 77 | 213 | 164 | 202 | 91 | 67 | 87 |
| Остварување | 63 | 358 | 299 | 297 | 113 | 103 | 161 |

**Коментар**: Се забележува одлично програмско остварување особено во делот на опфат на членовите на оваа целна популација било тоа да се нови или веќе постоечки СР. Се забележува намалување кај бројот на поделени кондоми, лубриканти и ИЕК материјали во споредба со минатата година иако таргетот е надминат. Исто така се забележува и намалување кај дел од активностите во рамки на проширениот пакет на услуги наменети за оваа целна популација.

**Препораки**: Мора да се вложат сите напори ХИВ програмата да биде присутна во сите поголеми географски подрачја во нашата земја со што целните популации ќе бидат покриени со ХИВ превентивни програми. Се препорачува да се најдат модуси за да и градот Тетово со околните места биде програмски покриен.

## 3. Програма за превенција хив помеѓу мажи кои имаат секс со мажи (МСМ)

Програмата за превенција на ХИВ помеѓу МСМ популацијата веќе подолго време се имплементира, а како основен пакет на услуги преку кој се бројат сите опфатени МСМ клиенти е пакетот кој содржи: Кондом, Лубрикант и ИЕК материјал. Како една од главните елементи во опфатот на МСМ се смета и советувањето кое се дава онлајн преку разни интернет платформи. Од проширениот пакет на услуги исто така се нудат и услугите: врсничка едукација, Психолошки услуги, Услуги во дневен центар (вклучително и филмските вечери) и др.

Услугите наменети за членовите на оваа целна популација моментално се даваат во 5 различни градови низ државата (Битола, Струмица, Охрид, Куманово и Штип). Во имплементацијата на оваа програма е ангажирана ГО ЕГАЛ од Скопје но во некои градови во тесна соработка со други граѓански организации.

Во текот на овој период на известување остварени се следните програмски резултати:

- Вкупно опфатени 2.740 МСМ клиенти , што е остварување од 55% на поставениот таргет од 5.000 МСМ.
- Опфатени се вкупно 740 Нови МСМ, што е остварување од 93% на поставениот таргет од 800 МСМ.
- Опфатени се вкупно 564 МСМ преку онлајн советување, реализација од 47% на таргетот поставен на 1.200 МСМ.
- Дистрибуирани се вкупно: 23.882 Кондоми, 50% реализирање на годишен таргет поставен на 48.000 Кондоми.
- Дистрибуирани се вкупно: 13.365 Лубриканти, 107% остварување на годишен таргет поставен на 12.500 Лубриканти.
- Дистрибуирани се вкупно: 5.552 ИЕК материјали што претставува реализација од 46% на таргетот поставен на 12.000 ИЕК.

МСМ Клиентите од оваа програма оваа година просечно добиле по 9 Кондоми, 5 Лубриканти и 2 ИЕК Материјали.

Дополнително члeновите на оваа целна популација ги добиле и следните услуги од проширениот пакет: Советување: 1.099, Психолошки услуги: 181, Услуги во дневен центар - 784 и вкупно ХИВ тестирања 460.

**Графикон 15**. МСМ-Опфат на нови клиенти, Република Северна Македонија, 2024



**Графикон 16**. Вкупен број на опфатени МСМ, Република Северна Македонија, 2024




**Коментар**: Се забележува намалување во бројот на опфатени поединечни клиенти во споредба со минатата година, но зголемен е бројот на поделени кондоми, лубриканти и ИЕК материјали.

**Препораки**: Имајќи во предвид дека МСМ програмата, поточно оваа целна популација последните години претставува една од најпогодените групи со ХИВ позитивни случаи, сите показатели упатуваат на зајакнување на оваа програма со опфат на што повеќе МСМ клиенти со превентивни услуги како и со ХИВ Тестирање па сходно на тоа и финансиската конструкција за поддршка на оваа програма треба уште повеќе да се зајакне.

## 4. Програма за доброволно советување и тестирање за ХИВ помеѓу клучни популации (ЛИД, СР и МСМ)

Во однос на програмата за Доброволно ХИВ советување и тестирање на клучни популации како основен пакет се зема: Пред-тест советување за ХИВ, ХИВ Тестирање (ХИВ само-тестирање) и Пост-тест советување но сепак како столб на овој пакет на услуги се смета ХИВ Тестирањето, значи доколку еден клиент добие ХИВ тестирање автоматски се брои како опфатен клиент. Од минатата година китовите за ХИВ Само-тестирање се дистрибуираат помеѓу целните популации со што значително е подобрено програмското остварување преку овие тестови. Освен тоа за сите лица кои учествуваат во целиот процес на ХИВ тестирање се даваат исто така и Кондоми, Лубриканти и ИЕК материјали.

Целата програма е координирана и имплементирана од страна на ГО Хера-Скопје, но во целосна соработка со другите граѓански организации во државата. Во оваа програма следиме број на лица опфатени со ХИВ тестирање и советување како и вкупен број на ХИВ тестирања направени.

Во текот на овој период на известување остварени се следните програмски резултати:

- Опфатени се вкупно 280 ЛИД со ДСТ ХИВ советување и тестирање, 112% реализација на таргет поставен на 250 ЛИД.
- Опфатени се вкупно 260 СР со ДСТ ХИВ советување и тестирање, што е 104% остварување на таргетот поставен на 250 СР.
- Опфатени се вкупно 694 МСМ со ДСТ ХИВ советување и тестирање, 116% остварување на таргет поставен на 600 МСМ.
- Опфатени се вкупно 153 Млади и ОП со ХИВ советување и тестирање.

Дополнително во овој период поделени се вкупно: 3.588 Кондоми, 1.959 Лубриканти и 851 ИЕК материјали.

**Графикон 17**. ХИВ тестирање и советување-Клучни популации, Република Северна Македонија, 2024




| | ЛИД | СР | МСМ | Млади и ОП |
|---|---|---|---|---|
| Таргет | 250 | 250 | 600 | |
| Остварување | 280 | 260 | 343 | 351 |

**Коментар**: Програмата се изведува со задоволителен карактер и надминати се поставените таргети.

**Препораки**: Со оглед на намалениот број на активности во споредба со претходните години, овој дел од програмата треба сериозно да се зајакне за да се опфатат целните популации со ХИВ Советување и Тестирање особено во внатрешноста на земјата. Се препорачува да се воведе стационарно тестирање кај сите организации кои оперираат преку дневен центар во нивните градови и секако каде што има услови тоа да се спроведе. ХИВ-Само тестирањето да продолжи со препорака да се интензивира.

## 5. Програма за сексуално и репродуктивно здравје-СПИ тестирање и дијагноза помеѓу клучни популации (ЛИД, СР, МСМ и МЛАДИ)

Во програмата за Сексуално и Репродуктивно Здравје или СПИ советување и тестирање на клучни популации како рамка или основен пакет на услуги се смета протоколот за тестирање: Пред-тест советување за СПИ, СПИ Тестирање и Пост-тест советување. Но во оваа програма од исклучителна важност се услугите и од проширениот пакет на услуги кои секако се евидентираат и се бројат и услугите како такви и примателите на овие услуги односно членовите на целни популации.

Исто како и во ДСТ програмата и тука за сите лица кои учествуваат во целиот процес на СПИ тестирање се даваат Кондоми, Лубриканти и ИЕК материјали. Целата програма е координирана и имплементирана од страна на ГО Хера-Скопје но во целосна соработка со другите граѓански организации во државата. Спроведувањето на СПИ Тестирањето или пак давањето на СРЗ услугите се врши на два начина и тоа преку теренското комбе наречена Мобилна Гинеколошка Клиника и Стационарно во двата Младински Центри раководени од ХЕРА.

Со теренското комбе се покриени следните градови: Куманово, Битола, Охрид, Гостивар, Тетово, Штип и Прилеп.

- Додека стационарно СПИ Тестирање и СРЗ услуги се даваат во рамките на Младинските Центри: Сакам да знам во Шуто Оризари и Водно во Скопје.
- Во оваа програма се следи вкупниот број на клиенти опфатени со услуги како и бројот на Лица опфатени со СПИ Тестирања и Советувања.
- Во текот на овој период на известување постигнати се следните резултати: Клиенти опфатени со СРЗ Услуги
- Опфатени се вкупно 104 ЛИД со СПИ советување и тестирање или услуга, 104% реализација на таргет поставен на 100 ЛИД.
- Опфатени се вкупно 337 СР со СПИ советување и тестирање или услуга, што е 112% остварување на таргетот поставен на 300 СР.
- Опфатени се вкупно 107 МСМ со СПИ советување и тестирање или услуга, 54% остварување на таргет поставен на 200 МСМ.
- Опфатени се вкупно 232 Млади со СПИ советување и тестирање или услуга, 93% остварување на таргет поставен на 250 Млади.
- Дополнително опфатени се вкупно 462 лица од Општа Популација со СРЗ услуги.

Дополнително во овој период поделени се вкупно: 2.281 Кондоми, 1.169 Лубриканти, но без ИЕК материјали.

**Графикон 18**. Детални податоци за СПИ советување и тестирање/СРЗ услуги, Република Северна Македонија, 2024




**Коментар**. Во оваа програма се забележува намален опфат на целните популации со СРЗ услуги додека пак опфатот на клиенти со СПИ тестирања е многу низок.

**Препораки**: Кај СРЗ програмата потребно е да се зајакне особено делот со СПИ тестирањата општо, а посебно кај членовите на целните популации. И во новата Национална стратегија беше предложено СПИ тестирањето да биде главниот елемент од основниот пакет на услуги според кој ќе се бројат опфатените клиенти од целните популации.

## 6. Програма за психосоцијална поддршка на лица кои инјектираат droги (ЛИД)

Програмата за психосоцијална поддршка на лица од целни популации вклучени на супституциска терапија  спроведувана од ГО Доверба-Скопје веќе подолго време се имплементира кај нас, а како основен пакет на услуги преку кој се бројат сите опфатени клиенти е пакетот кој содржи: едно од трите елементи на советување (Советување на клиент-Терен, Психосоцијално пред-третманско советување на Клиент-ЛИЧНО, учество во Психосоцијалниот клуб) , Кондоми и ИЕК материјали.

Персоналот ангажиран во давањето на услугите се состои од два тима: првиот е советодавниот тим кој се состои од разни професионални профили како што се Психијатри, Социјални работници, Психолози итн. додека вториот тим се состои од членови на самата целна популација одговорни за вршење на други интервенции како што се теренските услуги, групите за самопомош и креативните работилници и др.

- Вкупно опфатени: 238 клиенти, реализација од 79% на поставениот квартален таргет од вкупно 300 ЛИД.
- Опфатени се вкупно 35 Нови клиенти, што е остварување од 35% на поставениот таргет од 100 нови ЛИД.
- Дистрибуирани се вкупно: 9.520 Кондоми, 48% реализација на годишен таргет поставен на 20.000 Кондоми.
- Дистрибуирани се вкупно: 1.807 ИЕК материјали што претставува реализација од 60% на таргетот поставен на 3.000 ИЕК.
- Клиенти кои го посетиле Психосоцијалниот клуб: 122 претставува реализација од 81% на таргет од 150 клиенти.

Клиентите од оваа програма во овој период просечно добиле по 40 Кондоми и 8 ИЕК Материјали. Дополнително, 116 учества на одржани креативни работилници, 98 реализирани контакти по телефон (Инфо-линија), 130 лица учествувале во групите за Само-помош и др.

**Табела 6.** Опфат на клиенти и поделен материјал, Р. Северна Македонија, 2024

| ГО Доверба -Психо-социјална подршка на ЛИД - 01.01-31.12.2024 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГО Доверба Скопје | Годишен Таргет 2024 | Број на НОВИ ЛИД опфатени со психо-социјална подршка | | | | Годишен Таргет 2024 | Вкупен број на ЛИД опфатени со психо-социјални услуги | | | | Годишен Таргет 2024 | Вкупен број на ЛИД кои го посетиле Психо-Социјалниот Клуб) | | Годишен Таргет 2024 | Број на лица кои учествуваа на одржани креативни работилници | | Годишен Таргет 2024 | Поделени Кондоми | | Годишен Таргет 2024 | Поделени ИЕК материјали | | Поделени материјали по клиент | |
| | | Машки | Женски | Вкупно | % | | Машки | Женски | Вкупно | % | | Вкупно | % | | Број на учества на одржани креативни работилници | % | | КОНДОМИ | % | | ИЕК | % | Кондоми | ИЕК Материјали |
| Вкупно: | 100 | 18 | 17 | 35 | 35% | 300 | 150 | 88 | 238 | 79% | 150 | 122 | 81% | 120 | 116 | 97% | 20000 | 9520 | 48% | 3000 | 1807 | 60% | 40 | 8 |

**Коментар**: Програмата за психосоцијалната поддршка на ЛИД според програмското остварување прикажано погоре може да се заклучи дека се намалува опфатот на клиенти.

**Препораки**: Се препорачува програмата за психосоцијална поддршка на ЛИД да го зајакне делот на опфат на Новите клиенти како и да се фокусира во успешноста на двете активности кои се мошне значајни за целата програма а тоа се Психосоцијалниот клуб како и креативните работилници.

## 7. Програма за психосоцијална поддршка на лица кои живеат со ХИВ (ЛЖХИВ)

Во програмата за психосоцијална поддршка на ЛЖХИВ, основниот пакет на услуги според кој се бројат сите опфатени клиенти кои живеат со ХИВ го сочинуваат услуги тесно поврзани со поддршката што членовите на оваа целна популација ја добиваат, но главниот фокус е ставен на услугите поврзани со врсничка поддршка комбинирана со општата психосоцијална поддршка наменета кон ЛЖХИВ.

Со основен пакет на услуги еден клиент се смета за опфатен доколку во даден период за известување добил:

- една од услугите од групата на услуги наречени Врсничка Поддршка или
- услуга од другата група на услуги насловена Психосоцијална поддршка на ЛЖХИВ.

Исто така се опфаќаат и членови на МСМ популацијата преку превентивни пакети кои содружуваат кондоми, лубриканти и ИЕК материјали како и преку организирање на бесплатно ХИВ тестирање.

Во текот на овој период на известување остварени се следните програмски резултати:

- Вкупно опфатени ЛЖХИВ: 168 ЛЖХИВ опфатени со услуги за врсничка/психосоцијална поддршка, 105% реализација на таргет поставен на 160 ЛЖХИВ.
- Нови опфатени ЛЖХИВ: 2 ЛЖХИВ, 6,7% реализација на таргет поставен на 30 ЛЖХИВ.
- Вкупно поделени: 250 Кондоми, 6,9% остварување на поставен таргет на 3.600 Кондоми.
- Поделени вкупно: 250 Лубриканти, 13,9% реализација на таргет од 1.800 Лубриканти.
- Поделени вкупно: 200 ИЕК Материјали.
- Број на спроведени ХИВ тестирања: 76 ХИВ тестирања, 76% остварување на годишен таргет поставен на 100 ХИВ тестирања.

**Коментар**: Програмата за психосоцијална поддршка на ЛЖХИВ во овој период за известување бележи драстично намалување во остварувањето на индикаторите. Сепак во делот на ХИВ тестирања во овој период на известување се забележува благо зголемување на спроведените ХИВ тестирања.

**Препораки**: Се охрабрува тимот на оваа организација да продолжи со работа и со максимални напори успешно да ги надминат сите предизвици за најефикасно да се опслужат членовите на оваа целна популација.

## Заклучоци

1. Епидемиолошките податоци укажуваат на тренд на покачување во бројот на ново-дијагностицирани случаи со ХИВ.
2. Јавните здравствени установи (ИЈЗ, ЦЈЗ) се вклучени во програмата со минимални програмски активности.
3. Иако предвидените цели со годишната програма за заштита на населението од ХИВ во 2024 година на активности имплементирани од граѓанските здруженија се со добра реализација, сепак мора да се укаже на намалување во одредени сегменти што е критично во спроведувањето на мерките за превенција на заболувањето кај клучните популации.